**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за локален економски развој**

**Одделение за поддршка и развој на мали и средни претпријатија, претприемништво и иновации**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за локален економски развој**

# ПРЕДЛОГ - СТРАТЕГИЈА

## за поддршка на мали и средни претпријатијаи претприемништво на Град Скопје, со акционен план за периодот 2022-2025 година

Скопје, октомври 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/02) и член 10 став 1 точка 3 алинеја 4 од Законот за градот Скопје ("Службен весник на Република Македонија" број 55/04 и 158/11), Советот на градот Скопје, на седница одржана на 2022 година, донесе

# СТРАТЕГИЈА

# ЗА ПОДДРШКА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И

# ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ГРАД СКОПЈЕ, СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА

# ПЕРИОДОТ 2022-2025 ГОДИНА

# Стратегија за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, со акционен план за периодот 2022-2025 година

ТАРГЕТ КОМУНИКАЦИИ

ГРАД СКОПЈЕ .

## СОДРЖИНА

I. ВОВЕД 5

II. МЕТОДОЛОГИЈА 6

III. АНАЛИЗА НА НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕВРОПСКИТЕ ПОЛИТИКИ И ЛЕГИСЛАТИВА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО 8

1. Усогласеност со европски стратегии, планови и програми 8
2. Усогласеност со национални стратегиски документи 9
3. Усогласеност со стратегиските документи на Град Скопје 11

IV. АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ГРАД СКОПЈЕ 12

1. Дефиниција за МСП 12
2. Профил на МСП 13
3. Деловно опкружување 18
4. МСП и вработувањето 19
5. Пристап до финансии 20
6. Култура на претприемништво 22
7. Услуги за деловен развој 22
8. Дигитализација на МСП 22

V. ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ГРАД СКОПЈЕ, СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПЕРИОД 2018-2021 24

VI. СВОТ (SWOT) И ПЕСТ (PEST) АНАЛИЗА 25

1. Свот(swot) анализа 25
2. Пест (pest) анализа 27

VII. ВИЗИЈА И МИСИЈА 28

1. Мисија 28
2. Визија 28

VIII. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ 29

IX. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПЕРИОД 2022-2025 34

X. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА 41

Листа на табели:

Табела бр. 1 - Класификација на трговци 13
Табела бр. 2 - Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени за РСМ, по години 14
Табела бр. 3 -Број на активни деловни субјекти по сектори на дејност според Националната класификација на дејностите - НКД, рев. 2 и според бројот на вработени, 2020 година 14
Табела бр. 4 - Основни структурни деловни показатели според бројот на вработени, 2019 година 15
Табела бр. 5 - Активни деловни субјекти по големина, по општини, 2018 16
Табела бр. 6 - Активни деловни субјекти по големина, по општини.2019 17
Табела бр. 7 - Активни деловни субјекти по големина, по општини,2020 17
Табела бр. 8 -Свот (Swot)Анализа 25
Табела бр. 9 - Акционен план за период 2022-2025 34

**Нарачател:**
**ГРАД СКОПЈЕ**
бул. „Илинден“ бр. 82
Скопје
e-mail: gradonacalnik@skopje.gov.mk
kabinet@skopje.gov.mk
тел: 02/3297 204
факс: 02/3165 445.

**Изработил:**
**Друштво за консалтинг ТАРГЕТ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ СКОПЈЕ**
ул.Никола Вапцаров бр.2 кат 5
Скопје
e-mail: contact@targetcomm.com.mk
тел: 02/2 700 101

# I. ВОВЕД

Според Светска Банка, малите и средните претпријатија (МСП) играат голема улога во повеќето економии, особено во земјите во развој. МСП претставуваат најголем дел од бизнисите ширум светот и се важни генератори за создавање работни места и придонесуваат за глобалниот економски развој. Тие претставуваат околу 90% од бизнисите и повеќе од 50% од вработеноста ширум светот. Формалните мали и средни претпријатија придонесуваат до 40% од националниот доход (БДП) во економиите во развој. Овие бројки се значително повисоки кога се вклучени неформалните МСП.

Според оценките на Светска Банка до 2030 година ќе бидат потребни 600 милиони работни места за да се апсорбира растечката глобална работна сила, што го прави развојот на малите и средните претпријатија висок приоритет за многу влади ширум светот. На пазарите во развој, повеќето формални работни места се генерирани од МСП, кои создаваат седум од 10 работни места. Сепак, пристапот до финансии е клучното ограничување за растот на малите и средните претпријатија, тоа е втората најцитирана пречка со која се соочуваат МСП да ги развијат своите бизниси на пазарите во развој и земјите во развој.

Во Република Северна Македонија, 99% од вкупниот број на активни деловни субјекти се микро, мали и средни претпријатија, додека на ниво на Град Скопје овој процент изнесува 98,56%. Во РСМ има добра бизнис клима.Според Извештајот на Дуинг бизнис 2020 на Светска Банка, РСМ е рангирана на 17 место според леснотијата на водење бизнис од вкупно 190 земји, во 2019 била рангирана на 10 место а во 2018 година била рангирана на 11 место.Според Глобалниот извештај за конкурентност 2019 издаден од страна на Светски економски форум (WEF), РСМ според рангирањето за глобален индекс на конкурентност се наоѓа на 82 место од вкупно 141 земја.Според Индексот на економски слободи, кој го објавува Фондацијата Херитиц(„The Heritage Foundation“), РСМ е рангирана на 46 место од вкупно 178 земји.

Согласно Законот за Град Скопје, во надлежност на градот е локалниот економски развој. Како една надлежност во рамките на оваа област е утврдување стратегија и давање поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвото. Согласно обврската која произлегува од надлежностите на Град Скопје, Секторот за локален економски развој по пат на јавен оглас ја избра компанијата Таргет Комуникации ДООЕЛ Скопје за изработка на стратегија за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје со акционен план за период 2022-2025 година.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА

Според потребните сегменти кои треба да ги опфати оваа стратегија за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, со акционен план за периодот 2022-2025 година, тимот на Таргет Комуникации ја подели оваа методологија во осум основни фази:

***Прва Фаза***

Првата фаза започна со воведна консултативна средба со претставници од Град Скопје. На истата беа дефинирани сите засегнати страни кои ќе бидат вклучени во изработката на стратегијата и се дефинира динамика. По завршување на средбата тимот на Таргет Комуникации пристапи кон дефинирање на концептот и методологијата за изработка на стратегија за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, со акционен план за периодот 2022-2025 година, како и изработка на временска рамка. Истите беа пратени до Град Скопје на одобрување.

***Втора фаза***

Во втората фаза е предвидена ревизија на претходната стратегија за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, со акционен план за периодот 2022-2025 година. За таа цел е предвидено да се направи интервјуа со релевантни претставници од Град Скопје со претходно подготвен прашалник. По направените интервјуа ќе се направи анализа на степенот на реализација на стратегијата, детален преглед на сите планирани и остварени проекти, како и планирани и реализирани средства. По целосно извршена ревизија и анализа ќе бидат дадени коментари и заклучоци.

***Трета фаза***

Во третата фаза беше опфатена анализа на постојната состојба во областа на претприемништво и мали и средни претпријатија во Град Скопје. При процесот на анализите се применуваат класичните научни методи (анализа, синтеза, индукција, дедукција и сл.) и релевантни специфични методи за поодделните анализи согласно потребите. За изработка на анализите се користеа официјални податоци, анализи, студии и стратешки документи подготвени од надлежни институции.

***Четврта фаза***

Во четвртата фаза беше анализирана законската регулатива. Исто така беше направена анализа на постоечките локални, регионални, национални релевантни стратешки документи.

***Петта фаза***

Во оваа фаза следеше анализа на сите фактори кои ја сочинуваат внатрешната околина на учесниците во секторот мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје (SWOT анализа). Овде ќе бидат истакнати сите силни и слаби страни на секторот мали и средни претпријатија од аспект на развој, можностите кои треба да се искористат како и заканите од други надворешни фактори. SWOT анализата ќе овозможи обезбедување на развој на малите и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, со цел успешно спроведување на стратешките цели и приоритети. Исто така ќе биде изготвена и PEST анализа со цел утврдување на надворешните фактори на влијание.

***Шеста фаза***

Во шестата фаза беше планирано да се одржи семинар за дефинирање на визијата, мисијата и стратешките цели, како и дефинирање и разработка на проектите, согласно стратешките приоритети. Поради пандемијата Ковид 19, Град Скопје одлучи да нема работилница и наместо тоа електронски да бидат консултирани засегнатите страни. На засегнатите страни електронски им беше пратено драфт верзија со цел да имаат можност да ги погледнат предлозите и да се вклучат во SWOT анализата со нивни предлози односно да ги посочат силните и слабите страни, како од своја лична перспектива, така и од перспективата на граѓаните, компаниите, студентите, посетителите, туристите, дипломатите и други засегнати страни. Засегнатите страни по електронски пат беа повикани да дадат свои предлози и идеи за проекти и активности.

***Седма фаза***

Во седмата фаза од концептот за изработка на стратегија за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, со акционен план за периодот 2022-2025 година, се премине на пишување на еден драфт стратешки документ, во кој беа дефинирани среднорочните цели, приоритети и активности согласно целите за одржлив развој од Обединетите Нации и Европската Унија. Драфт верзијата беше доставена до Град Скопјеза нивни коментари, сугестии и забелешки.

***Осма фаза***

Во осмата, односно последната фаза се опфати финализацијата на стратегија за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, со акционен план за периодот 2022-2025 година. Во оваа фаза беа вградени сите коментари, сугестии и забелешки дадени од претставници на Град Скопје. Откако беше финализирана, и одобрена од Град Скопје, истата беше лекторирана и преведена на албански јазик. На крај беше изработен дизајн и беше испечатена во пет печатени примероци со тврд повез.

## III. АНАЛИЗА НА НАЦИОНАЛНИТЕ И ЕВРОПСКИТЕ ПОЛИТИКИ И ЛЕГИСЛАТИВА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

### 1. *Усогласеност со европски стратегии, планови и програми*

Стратегијата за мали и средни претпријатија на Град Скопје со акционен план за период 2022-2025 е усогласена со следните европски стратегиски документи:

***Стратегија за мали и средни претпријатија за одржлива и дигитална Европа 2020-***Стратегијата предлага активности засновани на следните три столба:Градење капацитети и поддршка за транзиција кон одржливост идигитализација;Намалување на регулаторниот товар и подобрување на пристапот до пазарот; Подобрување на пристапот до финансирање.Стратегијата има за цел значително да го зголеми бројот на мали и средни претпријатија кои се занимаваат со одржливо деловни практики како и бројот на мали и средни претпријатија кои користат дигитални технологии. Крајна цел е Европа да стане најатрактивното место за започнување мал бизнис,за негово растење и зголемување на единствениот пазар.

***Агендата за одржлив развој 2030 -*** претставува повик за трансформативно дејствување од страна на сите земји со цел постигнување мир и просперитет за сите луѓе и заштита на планетата. Усвоена од сите земји- членки на ОН во септември 2015 година, Агендата 2030 идентификува 17 меѓусебно поврзани цели за одржлив развој, на коишто беа додадени 169 конкретни цели (таргети) и 232 индикатори. Целите за одржлив развој (ЦОР) се осврнуваат на глобалните предизвици поврзани со сиромаштијата, родовата нерамноправност, климата, деградацијата на животната средина, неправдата и насилството.

***Стратегијата за економски раст - Европа 2020 -*** која ги опфаќа целите и водечките иницијативи за иден економски регионален развој. Стратегијата ги опфаќа како краткорочните предизвици поврзани со кризата, така и потребата од структурни реформи што би се спровеле преку примена на мерки за зголемување на растот, кој, пак, е неопходен да се подготви европската економија за во иднина.ЕУ во оваа стратегија утврди пет амбициозни цели и тоа за: вработување,иновации, образование, социјална вклученост и клима/енергија – кои требаше да се остварат заклучно со 2020година.

***Актот за малите претпријатија на ЕУ (АМП 2011 г.)-*** претставува сеопфатнарамка за политиката за МСП на ЕУ. Тој има за цел да го подобри приодот кон претприемништвото во Европа, да го поедностави окружувањето на регулативитеи политиките за МСП и да ги отстрани преостанатите пречки за нивниот развој.АМП, што се надоврзува на Европската повелба за мали претпријатија(2000г.), ги утврдува следниве приоритети:унапредување на претприемништвото,намалување на регулаторното оптоварување, подобрување на пристапот дофинансии и подобрување на пристапот на МСП до пазарите иинтернационализација.

***Стратегија за Југоисточна Европа 2020 (ЈИЕ 2020)-*** претставува одраз на решителноста на сите влади во Југоисточна Европа за прифаќање на храбри пристапи во политиките. Пристапи што се неопходни за постигнување на потребниот економски и социјален раст за подобрување на просперитетот на сите свои граѓани и за олеснување на евентуалното интегрирање во ЕУ.

***Акциски план – „Претприемништво 2020 на ЕУ“***, претставува план за решителна заедничка акција за искористување на претприемачкиот потенцијал на Европа, отстранување на постоечките пречки и револуционизирање на културата на претприемништвото во Европа. Планот има за цел да го олесни отворањето на новите претпријатија и да создаде многу поволно опкружување за напредување и раст на постоечките претприемачи. Акцискиот план го поддржува образованието и обуката за претприемништво за поддршка на раст и отворање на нови претпријатија; зајакнување на рамковните услови за претприемачите преку отстранување на постоечките структурни бариери и нивна поддршка во круцијалните фази во деловниот циклус; распламтување на културата на претприемништво во Европа: „поддршка на новата генерација претприемачи“.

## 2. *Усогласеност со национални стратегиски документи*

Изработката на Стратегијата за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје е во согласност со националните стратегиски документи:

***Национална стратегија за МСП (2018-2023)***дефинира рамка за соработка меѓу чинителите од јавниот и приватниот сектор и граѓанското општество со цел поддршка на развојот на МСП и иновативноста, а во насока на зголемување на нивната конкурентност. Националната стратегија опфаќа три главни столба со програми за: Поволно деловно окружување; Зголемување и подобрување на можноста за раст на МСП; Динамичен екосистем на претприемништво и иновации.

***Програмата на економски реформи 2021-2023*** (Economic Reform Programme – ERP), е најважен стратешки документ во економскиот дијалог со Европската комисија и земјите членки на ЕУ. Овој документ се изработува секоја година и претставува подготовка за учество во процесот на економски и фискален надзор на земјите членки на ЕУ, односно за вклучување во процесот на европскиот семестар за координација на економските политики во ЕУ.Програмата содржи среднорочна рамка на макроекономската и фискалната политика, и детален приказ на структурни реформи кои треба да придонесат за зголемување на конкурентноста на економијата и креирање на работни места.

***План за економски раст*** со опфат на сите три столба, коишто вклучуваат нови работни места, инвестициски проекти, раст на конкурентност, иновативност и поддршка на МСП.

***Индустриска стратегија на Република Северна Македонија (2018-2027***) -Визијата на индустриската стратегија е унапредување на индустријализацијата, преку стимулирање на растот и развојот на преработувачката индустрија, со цел зголемување на продуктивноста, создавање добри работни места, зголемување на приходите и зајакнување на човечкиот капитал, истовремено решавајќи ги предизвиците на циркуларната економија.Индустриската политика претставува секој облик на интервенција или државна политика насочена кон унапредување на деловното окружување. Односно промена на структурата на економската активност кон секторите, технологиите или задачите од кои се очекува поголем придонес за економскиот раст или општествената благосостојба, отколку што тоа би било случај кога таквата интервенција би изостанала. Во индустриската стратегија се дефинирани пет стратешки цели и тоа: Зајакнување на основата на преработувачката индустрија; Зголемување на продуктивноста, иновациите и трансферот на технологии во преработувачката индустрија; Катализирање на зелената индустрија/производство; Стимулирање на извозот на преработувачката индустрија;

Градење на преработувачка индустрија во која се учи; Меѓусекторска имплементација и координација.

***Национална стратегија за иновации (2012-2020)*** - цели кон започнување на трансформација на земјата во економија заснована врз знаења што е способна да биде конкурентна на меѓународните пазари преку нејзината обучена работна сила и иновативни претпријатија. Во националната стратегија за иновации се дефинирани следните стратегиски цели: Зголемување на склоноста на бизнис секторот за внесување иновации;Зајакнување на човечките ресурси за иновации;Создавање на регулаторна средина која ќе ги поддржува иновациите;Зголемување на тековите на знаење помеѓу актерите во иновациите.

***Стратегијата за претприемачко учење (2013-2020)*** има за цел да ја подобри конкурентноста на МСП - особено на оние што се раководени од млади лица и жени - за успешно конкурирање на пазарите на ЕУ.Стратегијата сестреми:

- Да ги подобри вештините за вработливост на младите луѓе во земјата, што ќе доведе до зголемени можности за вработување на младите;
- Да создаде можности за сите граѓани во земјата да бидат оспособени со потребните претприемачки компетенции;
- Да креира систем за доживотно претприемачко учење;
- Да го зајакне претприемачкиот дух преку начелата за доживотно учење што се применети во сите сегменти на образовниот систем.

***Стратегија за женско претприемништво 2019-2023*** - Визијата на оваа стратегија е „Остварувањето на целта на вклученост на жените во претприемачка активност во зависност од различни фактори како би станале сила која придонесува во развојот на претприемачката клима и економијата.“ Стратегијата за развој на женското претприемништво во РСМ има за цел економско јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемачки потенцијал. Начин преку кој што ќе се придонесе кон развој на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија. Стратешки приоритети на стратегијата се следните:

- Креирање на поволен деловен амбиент (бизнис клима) за развој на женското претприемништво;
- Обезбедување на системска поддршка за развој на женското претприемништво;
- Креирање на инфраструктура за поддршка и развој на женското претприемништво;
- Промоција, вмрежување и застапување.

***Стратегија за конкурентност 2014-2020 -*** целта на Стратегијата за конкурентност беше да создаде рамка за ефективно искористување на средстватана ЕУ од инструментот за претпристапна помош (ИПА II). Тоа беше иницијатива предводена од Кабинетот на вицепремиерот на Владата задолжен за економски прашања и ги опфати сите клучни теми поврзани со конкурентноста, вклучувајќи ги и: Поедноставна и постабилна деловна средина; Попретприемачки и попродуктивен МСП сектор; Подинамичен извозен сектор; Поатрактивна средина за странски инвеститори; Повешта ипретприемачка работна сила; Заживеана индустриска политика; Повеќе финансии за претприемачкиот сектор.

## 3. *Усогласеност со стратегиските документи на Град Скопје*

Во процесот беше вклучено ревидирање на постоечките стратешки документи на Град Скопје и неговите сектори. Користени се следните документи: Стратегија за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје со акционен план за период 2018-2021, Стратешки план на Град Скопје за период од 2020-2022; Стратегија за локален економски развој на Град Скопје за период 2018-2021, Буџет на град Скопје за 2021; Изборна програма на градоначалничката на Град Скопје, програми на секторите усвоени од страна на Совет на Град Скопје за 2021 година, Закон за Град Скопје, Закон за локална самоуправа.

# IV. АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ГРАД СКОПЈЕ

## 1. *Дефиниција за МСП*

Според Европската комисија мали и средни претпријатија се „категоријата на микро, мали и средни претпријатија (МСП) што вработуваат помалку од 250 лица и коишто имаат годишен промет што не надминува 50 милиони евра, и/или годишен биланс на состојба што не надминува 43 милиони евра“

Постојат три типа на МСП:

- Микропретпријатија, кои имаат помалку од 10 вработени
- Мали претпријатија, кои имаат помеѓу 10 и 49 вработени
- Средни претпријатија, кои имаат помеѓу 50 и 249 вработени

Во РСМ, не постои унифицирана дефиниција за мали и средни претпријатија. Но,во Законот за трговски друштва, во седма глава која се однесува на трговските книги, годишни сметки и финансиски извештаи, во оддел 1. водење на сметководство, во член 470 е направено класифицирање на трговците. Според тој член трговците се класифицираат во големи, средни, мали и микро трговци, во зависност од бројот на вработените, годишниот приход и просечната вредност на вкупните средства по годишните сметки во последните две години (пресметковни години).

Во првата година од работењето трговецот се распоредува според проценетиот обем на своето работење, а во втората според податоците од претходната година на работењето. Распоредувањето од една во друга класификација на трговец не може да се врши во текот на годината.

За **микро трговец** се смета трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил следниве два критериуми:

1. Просечниот број на вработени врз основа на часови на работа да е до десет работници и
2. Бруто приход остварен од трговецот од кој било извор да не надминува 50.000 € во денарска противвредност.

**Мал трговец** е трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа:

1. Просечниот број на вработените врз основа на часови на работа да е до 50 работници
2. Годишниот приход да е помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност, или
3. Просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 2.000.000 € во денарска противвредност.

За **среден трговец** се смета трговецот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето ги задоволил најмалку два од можните три следни критериуми, и тоа:

1. Просечниот број на вработени врз основа на часови на работа да е до 250 работници;
2. Годишниот приход да е помал од 10.000.000 € во денарска противвредност или
3. Просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства (во активата) да е помала од 11.000.000 € во денарска противвредност.

*Табела бр. 1 - Класификација на трговци*

| **Големина на друштвото** | **ЕУ дефиниција** | **Закон затрговски друштва2004г.консолидиран со сите измени до 2021** |
|---|---|---|
| **Микро** | <10 вработени<br>≤ЕУР 2 милиониобрт или биланс на состојба | <10 вработени<br>≤ЕУР 50.000 бруто годишенприход, изразен во МКД |
| **Мало** | 10 до 50 вработени<br>ЕУР 2–10 милиониобрт или биланс на состојба | ≤ 50 вработени, И<br>≥ ЕУР 2 милионигодишен приход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 2милионигодишен обрт(вкупни средства воактива),изразенво МКД |
| **Средно** | <250 вработени<br>≤ЕУР 50 милиони обрт<br>≤ЕУР 43 милиони биланс на состојба | ≤250вработени, И<br>≥10 милиониЕУР годишенприход, изразен во МКД, ИЛИ<br>< ЕУР 11милионигодишен обрт(вкупни средства воактива),изразенво МКД |

Од табелата може да се забележи дека класификацијата на трговците во македонското законодавство е усогласена со европското во поглед на критериумот за бројот на вработени, но не и со критериумот за годишен приход и годишен обрт.

## 2. *Профил на МСП*

Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, бројот на активните деловни субјекти во Република Северна Македонија во 2020 година изнесува 73061 и во однос на 2019 година е намален за 3,76%. Во 2019 во однос на 2018 година во РСМ имало зголемување на бројот на активни деловни субјекти за 4,98%. Во 2020 година намалувањето на активни деловни субјекти е резултат на пандемијата со Ковид 19, која предизвика неповолна бизнис клима. Заради ограничувањата се намали потрошувачката, а тоа влијаеше на компаниите и на намалување на нивните приходи. Претпријатијата се соочија со сериозни финансиски проблеми, некои од нив не успеаја да ги надминат и беа принудени да ги затворат.

*Табела бр. 2 - Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени за РСМ, по години*

| | 2018 | %учество | 2019 | %учество | 2020 | %учество |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 72315 | | 75914 | | 73061 | |
| 0 вработени или без податок | 8221 | 11,368 | 7565 | 9,9652 | 6036 | 8,26159 |
| 1-9 | 57184 | 79,076 | 61265 | 80,703 | 59977 | 82,09168 |
| 10-49 | 5271 | 7,2889 | 5448 | 7,1765 | 5405 | 7,397928 |
| 50-249 | 1399 | 1,9346 | 1404 | 1,8495 | 1410 | 1,929894 |
| 250+ | 240 | 0,3319 | 232 | 0,3056 | 233 | 0,318912 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Доколку ги погледнеме податоците во табелата број 2 може да забележиме дека во структурата на активни деловни субјекти најголемо учество дури 99,68% имаат токму малите и средни претпријатија. Според бројот на вработени податоците покажуваат дека најголемо учество од 82,09% имаат деловните субјекти со еден до девет вработени. Потоа следат деловните субјекти без вработени или субјекти со неутврден број вработени (без податок за вработени) со 8,26%, па субјектите со 10 до 49 вработени со 7,40%. И субјектите со 50 до 249 вработени, чие учество изнесува 1,93%, додека само 0,32% од активните деловни субјекти имаат над 250 вработени.

Податоците по сектори на дејност покажуваат дека најголем број на деловни субјекти во РСМ се занимаваат со трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (22191). Потоа доаѓа преработувачката индустрија (8011) и 7651 деловни субјекти се занимаваат со стручни, научни и технички дејности.

*Табела бр. 3 -Број на активни деловни субјекти по сектори на дејност според Националната класификација на дејностите - НКД, рев. 2 и според бројот на вработени, 2020 година*

| Сектори на дејност | | Вкупно | % | Број на активни деловни субјекти според бројот на вработени | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 0 | 1-9 | 10-19 | 20-49 | 50-249 | 250 + |
| | **Вкупно** | **73 061** | **100.0** | **6 036** | **59 977** | **3 207** | **2 198** | **1 410** | **233** |
| **А** | Земјоделство, шумарство и рибарство | 2 414 | 3.3 | 146 | 2 155 | 46 | 41 | 21 | 5 |
| **Б** | Рударство и вадење на камен | 201 | 0.3 | 19 | 135 | 26 | 13 | 4 | 4 |
| **В** | Преработувачка индустрија | 8 011 | 11.0 | 318 | 6 267 | 565 | 497 | 306 | 58 |
| **Г** | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 198 | 0.3 | 45 | 132 | 6 | 5 | 7 | 3 |
| **Д** | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 248 | 0.3 | 12 | 143 | 28 | 27 | 28 | 10 |
| **Ѓ** | Градежништво | 5 263 | 7.2 | 284 | 4 395 | 324 | 195 | 57 | 8 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Е | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 22 191 | 30.4 | 920 | 19 845 | 831 | 402 | 164 | 29 |
| Ж | Транспорт и складирање | 5 625 | 7.7 | 139 | 4 946 | 320 | 156 | 54 | 10 |
| З | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4 694 | 6.4 | 134 | 4 067 | 308 | 149 | 36 | |
| Ѕ | Информации и комуникации | 2 069 | 2.8 | 275 | 1 485 | 144 | 108 | 50 | 7 |
| И | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 473 | 0.6 | 62 | 335 | 22 | 21 | 25 | 8 |
| Ј | Дејности во врска со недвижен имот | 608 | 0.8 | 152 | 416 | 22 | 13 | 4 | 1 |
| К | Стручни, научни и технички дејности | 7 651 | 10.5 | 528 | 6 824 | 177 | 94 | 26 | 2 |
| Л | Административни и помошни услужни дејности | 1 856 | 2.5 | 548 | 1 109 | 82 | 59 | 38 | 20 |
| Љ | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 260 | 0.4 | 1 | 22 | 38 | 84 | 88 | 27 |
| М | Образование | 1 277 | 1.7 | 85 | 644 | 49 | 169 | 328 | 2 |
| Н | Дејности на здравствена и социјална заштита | 3 304 | 4.5 | 32 | 2 885 | 138 | 94 | 127 | 28 |
| Њ | Уметност, забава и рекреација | 1 655 | 2.3 | 691 | 826 | 36 | 48 | 44 | 10 |
| О | Други услужни дејности | 5 063 | 6.9 | 1 645 | 3 346 | 45 | 23 | 3 | 1 |
| П | Дејности на домаќинствата како работодавци; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | … | … | … | … | … | … | … | … |
| Р | Дејности на екстратериторијални организации и тела | … | … | … | … | … | … | … | … |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Секторот микро, мали и средни претпријатија вработуваат 73,9% од вкупниот број вработувања, додека учеството во додадена вредност на овој сектор изнесува 67,9%, а во промет 67,4%.  Сепак и покрај нивната голема бројност 99,7% тие не учествуваат со толку голем процент во додадена вредност. Големите претпријатија и со многу мал процент на застапеност (0,3%) учествуваат со 32,1% во додадена вредност,а со 32,6% во промет.

*Табела бр. 4 - Основни структурни деловни показатели според бројот на вработени, 2019 година*

| 2019 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Деловни показатели** | 0-9 | 10-19 | 20-49 | 50-249 | 250+ |
| **Претпријатија** | 90.6 | 4.9 | 2.9 | 1.3 | 0.3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вработени** | 31.8 | 9.7 | 12.9 | 19.6 | 26.1 |
| **Додадена вредност по фактор на трошок** | 21.6 | 9.9 | 14.3 | 22.1 | 32.1 |
| **Промет** | 22.6 | 10.3 | 13.0 | 21.5 | 32.6 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ




Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Активните деловни субјекти на територијата на Град Скопје, исто така бележат намалување во 2020 година во однос на 2019. Во однос на големината на деловните субјекти, најголемиот број се микро (15.962), следуваат мали (10.281), па средни (470) и во најмал број (371) се големите активни деловни субјекти. Од табелите подолу може да се забележи дека намалувањето на вкупниот број на деловни субјекти во 2020 година во однос на 2019 година е предизвикано од намалување на микро и мали деловни субјекти, бидејќи кај средните и големите деловни субјекти и во 2020 година е задржан трендот на пораст. Податоците покажуваат дека пандемијата со Ковид-19 најмногу ги погодила микро и малите деловни субјекти. Додека средните и големите деловни субјекти, успеале да се справат со ситуацијата предизвикана од Ковид-19.

Гледано според општини во Градот Скопје во 2020 година, се забележува дека најголемиот број на деловни субјекти се во Општина Центар (7.308), Општина Карпош (4.389), како и во Општина Аеродром (3/788).

*Табела бр. 5 - Активни деловни субјекти по големина, по општини, 2018*

| | 2018 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупн о** | **микро** | **мали** | **средн и** | **големи** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 26162 | 15854 | 9538 | 403 | 367 |
| Аеродром | 3675 | 2361 | 1260 | 27 | 27 |
| Бутел | 1402 | 848 | 502 | 31 | 21 |
| Гази Баба | 2733 | 1598 | 1040 | 54 | 41 |
| Ѓорче Петров | 1573 | 1046 | 504 | 12 | 11 |
| Карпош | 4110 | 2403 | 1584 | 63 | 60 |
| Кисела Вода | 2812 | 1771 | 984 | 41 | 16 |
| Сарај | 504 | 328 | 163 | 9 | 4 |
| Центар | 7221 | 3898 | 2988 | 150 | 185 |
| Чаир | 1903 | 1423 | 464 | 15 | 1 |
| Шуто Оризари | 229 | 178 | 49 | 1 | 1 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

*Табела бр. 6 - Активни деловни субјекти по големина, по општини.2019*

| | 2019 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **микро** | **мали** | **средни** | **големи** |
| Скопје | 28094 | 17428 | 9840 | 447 | 379 |
| Аеродром | 3905 | 2546 | 1303 | 28 | 28 |
| Бутел | 1468 | 901 | 513 | 35 | 19 |
| Гази Баба | 2877 | 1705 | 1065 | 62 | 45 |
| Ѓорче Петров | 1729 | 1195 | 509 | 13 | 12 |
| Карпош | 4483 | 2704 | 1650 | 65 | 64 |
| Кисела Вода | 3034 | 1956 | 1011 | 43 | 24 |
| Сарај | 548 | 360 | 176 | 9 | 3 |
| Центар | 7762 | 4333 | 3069 | 178 | 182 |
| Чаир | 2047 | 1542 | 491 | 13 | 1 |
| Шуто Оризари | 241 | 186 | 53 | 1 | 1 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

*Табела бр. 7 - Активни деловни субјекти по големина, по општини,2020*

| | 2020 | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **микро** | **мали** | **средни** | **големи** |
| Скопје | 27104 | 15962 | 10281 | 470 | 391 |
| Аеродром | 3788 | 2361 | 1371 | 29 | 27 |
| Бутел | 1389 | 816 | 514 | 36 | 23 |
| Гази Баба | 2720 | 1511 | 1101 | 60 | 48 |
| Ѓорче Петров | 1720 | 1151 | 539 | 17 | 13 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Карпош | 4389 | 2519 | 1734 | 70 | 66 |
| Кисела Вода | 2947 | 1837 | 1036 | 49 | 25 |
| Сарај | 569 | 360 | 196 | 9 | 4 |
| Центар | 7308 | 3787 | 3157 | 185 | 179 |
| Чаир | 1935 | 1387 | 531 | 12 | 5 |
| Шуто Оризари | 228 | 166 | 59 | 2 | 1 |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ




Извор: Државен завод за статистика на РСМ

## 3. *Деловно опкружување*

Законот за трговски друштва е основниот закон кој ги регулира бизнис активностите во РСМ. Тој ги дефинира типовите на компании како и постапките и прописите за нивно основање и работење. Странските инвеститори го добиваат истиот третман како и локалните компании и за тоа не се потребни никакви посебни одобренија.

Правната рамка вклучува едношалтерски систем кој има за цел да се справи со некои од административните бариери за влез во деловниот живот во Македонија. Според процедурите за едношалтерскиот систем, сите видови на трговски друштва се регистрираат во рок од четири часа од поднесувањето на барање.

Во Република Северна Македонија има добро деловно опкружување. Според извештајот „Дуинг бизнис 2020“ на Светска Банка, РСМ е рангирана на 17 место од

вкупно 190 земји според леснотијата на водење бизнис. За истиот критериум во 2019 била рангирана на 10 место, а во 2018 година била рангирана на 11 место.

Според „Глобалниот извештај за конкурентност 2019“ издаден од страна на Светски економски форум (WEF), РСМ според рангирањето за глобален индекс на конкурентност се наоѓа на 82 место од вкупно 141 земја.Според Индексот на економски слободи, којштo го објавува Фондацијата Херитиџ(„The Heritage Foundation“), РСМ е рангирана на 46 место од вкупно 178 земји.

## 4. *МСП и вработувањето*

Како што претходно наведовме, малите и средни претпријатија се најголеми креатори на работни места. Во РСМ, секторот микро, мали и средни претпријатија вработува дури 73,9% од вкупниот број вработувања. Имајќи го предвид овој факт владата креира низа мерки за мали и средни претпријатија. Агенцијата за вработување ги спроведува следните мерки и поддршки за мали и средни претпријатија:

***Поддршка за самовработување***

Програмата за самовработување е поддршка наменета за невработените лица да започнат сопствен бизнис. Цел на програмата е да се поддржат невработените лица во основање сопствена фирма, формализирање на веќе постоечка (неформална) дејност и во создавање дополнителни вработувања кај фирмите основани од лица со попреченост. Оваа програма вклучува обука за претприемништво, помош при развивање одржлив бизнисплан и регистрирање на дејност. Неповратните грантови ќе ги добијат во парични средства за започнување на бизнисот, како и менторство во време на започнување на бизнисот.

***Поддршка за креирање на нови работни места***

Поддршката за креирање нови работни места ќе влијае врз поттикнување на вработувањето на невработените лица во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија и граѓански (непрофитни) организации што се занимаваат со економска активност при вршење на дејност т.е активност класифицирана според Националната класификација на дејности, со која организациите ги остваруваат своите цели утврдени со статутот. Поддршката за вработување може да биде во форма на субвенција на плати, или во форма на грант за набавка на нова опрема и/или материјали.

***Субвенционирање на плати***

Целта на мерката е поддршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат во пазарот на трудот. Корисници се микро, мали и средни фирми, социјални претпријатија и граѓански (непрофитни) организации што се занимаваат со економска активност при вршење на својата дејност, нови претпријатија основани преку Програмата за самовработување во 2020 година. Висината на финансиската поддршка изнесува 19.000

денари месечно за период од три, шест или 12 месеци за вработување на лица од целните групи. Средствата се исплаќаат еднократно за целиот период на субвенционирање, по реализацијата на вработувањето со полно работно време, во согласност со одредбите и условите наведени во Договорот за субвенција.

***Вработување и раст на правни субјекти***

Целта на мерката е поддршка во креирање на нови работни места во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија и граѓански организации со доделување на неповратен грант во опрема и/или материјали. Висината на грантот за вработување на едно лице на возраст над 29 години изнесува 92.000 денари, за лица на возраст до 29 години, висината на грантот за вработено едно лице изнесува 153.750 денари. За лица корисници на гарантирана минимална помош и за невработени лица од ромска етничка заедница, висината на грантот за вработено едно лице изнесува 200.000 денари, а за невработените лица кои ги изгубиле своите работни места по појава на пандемијата Ковид 19 (од март 2020 година) финансиската поддршка ќе изнесува 260.000 денари.

***Проект кредитирање на микро, мали и средни претпријатија за отворање на нови работни места***

Проектот кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места е проект на Владата на Република Северна Македонија. Цел на проектот е на заинтересираните правни субјекти кои сакаат да го прошират или развијат сопствениот бизнис да им се овозможи поволен кредит со што ќе се отворат нови работни места. Правните субјекти може да добијат кредит во износ од 5.000 евра за секое новоотворено работно место, без ограничување на бројот на лица кои може да ги вработи.

***Вработување и раст на правни субјекти кои создаваат нови работни места во***

***услови на КОВИД 19***

Програмата има за цел да даде поддршка во креирање на работни места во микро, мали и средни претпријатија.

Имајќи го предвид еден од поголемите проблеми на малите и средни претпријатија - пристапот до квалификувана работна сила, Агенција за вработување на РСМ нуди голем број на мерки за надминување на овој проблем. Некои од нив се следните: обука на работното место за познат работодавец, обука за стручни квалификации според барања на работодавците, стручни обуки според барање на работодавците, on-line обуки за вештини според барање на работодавците,обука за побарувани занимања и сл.

## 5. *Пристап до финансии*

Малите и средни претпријатија за да може да инвестираат, а со тоа да ја подобруваат својата продуктивност, да ја зголемуваат својата конкурентност, да генерираат нови вработувања, да ги промовираат иновациите и да придонесуваат за економскиот раст и развој на Градот Скопје и на РСМ потребно е да имаат лесен и брз пристап до финансии.

Во Република Северна Македонија, финансиски средства за мали и средни компании нудат:

1. Комерцијални банки;
2. Владини програми:
    - Агенција за вработување на РСМ, Програма самовработување;
    - Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој;
    - Фонд за иновации и технолошки развој;
    - Агенција за промоција и поддршка на туризмот;
    - Министерство за економија:Поддршка и развој на мали и средни претпријатија;Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија;Развој на туризмот и угостителството во Република Македонија;
    - Развојна банка на РСМ.
3. Донаторски програми:
    - Европска Банка за обнова и развој;
    - Европска инвестициска банка;
    - Македонска Банка за поддршка на развојот;
    - Македонска развојна фондација за претпријатија;
    - Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC);
4. Фондови за стартап компании;
    - Иницијатива на ЕУ за поддршка на малите и средни претпријатија - JEREMI
    - Фонд кој нуди обука и програма за менторство во замена за удел во компаниите
    - Фонд што ги поддржува- ELEVEN
    - Фонд со седиште во Софија-БГ, кој инвестира во дигитални стартап компании
    - Фонд во Југоисточна Европа-LAUNCHUB
    - Фонд кој нуди средства до 50.000 американски долари и ги поврзува фирмите со ментори и
    - инвеститори од Западна Европа и САД - STARTLABS
5. Мрежи на институции за поддршка
    - Агенција за поддршка на претприемништвото и малите бизниси

Според истражувањена НБРМ,главниот двигател за поголемо вклучување на банките во понудата на кредити на малите и средни претпријатија е профитабилноста и добрата перспектива на овој сектор. Истовремено, резултатите од ова истражување посочуваат на присуство на одредени фактори поврзани со малите и средни претпријатија (слаб квалитет на финансиски извештаи, недостаток на соодветно обезбедување), коишто го отежнуваат процесот на кредитирање на овој сектор преку банкарскиот сектор. Генерален заклучок е дека пристапот до финансирање за малите и средни претпријатија преку банките е потребно и натаму да се подобрува, со што ќе се зголеми и нивниот придонес во поддршката на растот на економијата.

Според извештајот на Европска комисија за Република Северна Македонија за 2021 година одпојавата на Ковид-19, Владата воведе шест пакети посебни мерки за поддршка на деловните субјекти и граѓаните со цел да се справат со последиците од пандемијата, во вкупен износ од околу 1,2 милијарди евра. Мерките за деловна поддршка соодветно им помогнаа на компаниите кои претрпеа пад на приходите или им беше забрането да работат. Најголем дел од средствата се потрошени за субвенционирање на платите на вработените и еднократни парични средства за најпогодените стопански гранки. Развојната банка распредели 44 милиони евра заеми со нула камата на малите и средни компании со цел да се зачува ликвидноста и работните места.

## 6. *Култура на претприемништво*

Претприемачката култура е нова култура на живеење, култура на негување на лични квалитети кои ја сочинуваат основата на претприемништвото: креативност, иницијатива, одговорност, независност, способност за преземање на ризик. Преку образованието, претприемачката култура треба да биде вклучена во животот на децата и младите уште од најрана возраст. Истовремено треба да се зголемува свеста кај родителите, заедницата и образовните институции дека претприемништвото е почитувана опција во кариерата.

## 7. *Услуги за деловен развој*

Под услуги за деловен развој се подразбира услуги како што се обука, трансфер на технологија, маркетинг помош, деловни совети и сл. Тие имаат за цел да им помогнат на малите и средни претпријатија да ги подобрат перформансите на нивните бизниси. Услугите за развој на бизнисот традиционално се нарекуваат нефинансиски услуги, а понекогаш се нудат заедно со кредитни и други финансиски услуги. Имајќи ја важноста на малите и средните претпријатија, потребно е Градот Скопје да овозможи пристап на малите и средни претпријатија до обуки, помош при градење на таленти, отворање на инкубатори и акцелератори, како и технолошки паркови. Со создавање на деловно технолошки паркови се овозможува давање на инфраструктурна поддршка на иновациска дејност кој го забрзува успешниот раст на стартап претпријатијата во нивната рана фаза на развој преку обезбедување на стартап претпријатија со низа на потребни ресурси и услуги.На овој начин Градот може да им помогне да растат и да станат поконкурентни и профитабилни.

## 8. *Дигитализација на МСП*

На почетокот на новата, но сепак предизвикувачка деценија, која започна со тешка економска криза предизвикана од пандемијата со Ковид-19, покрај климатските, еколошките и општествените предизвици, стана уште поважно да се забрзаат двојните

зелени и дигитални трансформации. „Глобалната иницијатива на OECD, Digital for SMEs Global Initiative (D4SME)“ има за цел да ја поддржи дигитализацијата на малите и средните претпријатија преку фокусирање на забрзување на дигитално управуваните трансформации во синџирите на снабдување и деловните модели, главно околу следните технолошки домени: големи податоци и вештачка интелигенција; блокчејн & DLTs; облак (cloud) компјутери; дигитални платформи; fintech; и IoT / Индустриски IoT.Уште еден приоритет на ЕУ е да се зголеми довербата на јавноста во дигиталните технологии преку обезбедување максимална заштита од сајбер-напади преку комбинација на сајбер-безбедност и етичка употреба на вештачката интелигенција.

Согласно светските и европските трендови, Градот Скопје треба да придонесува во забрзување на дигитализацијата на малите и средни претпријатија преку изградба на сеопфатна дигитална инфраструктура и обезбедување на поголем број на дигитални услуги.

# V. ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ГРАД СКОПЈЕ, СО АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПЕРИОД 2018-2021

Во претходната стратегија за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје, со акционен план за период 2018-2021 година, биле дефинирани пет столба: Деловно опкружување; Претприемничко учење и претприемачка култура;Иновации; Продуктивен и конкурентен сектор на МСП (домашен и странски пазар) и Финансирање.

Во рамки на столбот:„Деловно опкружување“ биле дефинирани 27 активности/проекти. Од нив биле реализирани вкупно 18 активности/проекти и тоа континуирано, а осум активности/проекти не се реализирани и за една активност нема податок.

За столбот:„Претприемничко учење и претприемачка култура“ биле дефинирани вкупно 14 активности/проекти. Од нив биле реализирани вкупно 11активности/проекти. Три активности/проекти  не биле реализирани.

Во рамки на столбот:„Иновации“ биле дефинирани вкупно 11 активности/проекти.Од нив биле реализирани вкупно осум активности/проекти, а три активности/проекти не биле реализирани.

Во рамки на столбот:„Продуктивен и конкурентен сектор на МСП“ (домашен и странски пазар) биле дефинирани вкупно 11 активности/проекти.Сите активности/ проекти континуирано се реализираат.

За последниот столб:„Финансирање“ биле дефинирани вкупно 15 активности/мерки. Од нив биле реализирани вкупно осум активности/проекти, а седум активности/проекти  не биле реализирани.

.

# VI. СВОТ (SWOT) И ПЕСТ (PEST) АНАЛИЗА

## 1. *Свот(swot) анализа*

SWOT анализата ги сумира главните трендови кои влијаат на развојната рамка на мали и средни претпријатија и претприемништво во Град Скопје. Во себе ги интегрира четирите главни фактори:

Силните страни на географската локација, човечки потенцијали, финансиски поволности, организација на институциите, инфраструктурните елементи и сл.;

Слабите страни и ограничувањата кои се појавуваат во локален контекст, независно од регионалните и светските трендови во индустријата;

Можностите кои ќе резултираат со подобро искористување на потенцијалот, доколку се надминат слабите страни и ограничувања;

Заканите или надворешните фактори кои може да го оневозможат натамошниот развој.

SWOT анализата е изготвена со цел да ја опфати институционалната рамка на развојните компоненти и програми. Таа не обезбедува анализа на проблемите кои се надвор од институционалните рамки и не обработува аспекти кои имаат краткорочна димензија.

*Табела бр. 8 -Свот (Swot)Анализа*

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ✔ Добра геостратешка позиција на регионот;<br>✔ Близина на автопат, железница и аеродром;<br>✔ Достапна работна сила на пазарот на труд на градот Скопје;<br>✔ Образовен центар (голем број на универзитети, факултети, средни стручни училишта);<br>✔ Голем број на активни деловни субјекти и побарувачка на пазарот на работна сила;<br>✔ Искуство во меѓународни проекти, фондови и сл.;<br>✔ Готови проекти и стратегии;<br>✔ Соработка со граѓански сектор;<br>✔ Континуирана соработка со збратимени градови;<br>✔ Највисок БДП по жител;<br>✔ Економски силни и стабилни претпријатија;<br>✔ Квалификувани вработени со долгогодишно искуство; | ✔ Недостаток за институционален капацитет;<br>✔ Неразвиена инфраструктура во руралните средини;<br>✔ Урбанистички планови вон сила;<br>✔ Трошоци и незнаење на важни информации потребни при отворање на бизниси;<br>✔ Во одделни подрачја жените имаат претприемачки потенцијал, но сеуште се само домаќинки;<br>✔ Неформална економија;<br>✔ Немање ДУП-ови за рурални подрачја;<br>✔ Немање даночни олеснувања за регистрирани земјоделци;<br>✔ Немање институционален капацитет за ИПА и ИПАРД фондови;<br>✔ Лоша и несоодветна законска регулатива за регионален развој;<br>✔ Недостиг на база на податоци (статистики, регистри);<br>✔ Поголеми трошоци за набавка, изнајмување и одржување наматеријални добра потребни заводење бизнис; |

| | |
|---|---|
| ✔ Реализација на обуки за вработените;<br>✔ Голем број мерки за субвенционирање на мали и средни претпријатија;<br>✔ Голем број на компании кои нудат можност за практична работа;<br>✔ Постоење на саемски, конгресни, туристички и изложбени центри;<br>✔ Голем број на консултантски компании. | ✔ Повисока цена на работната сила вооднос на други општини во државата;<br>✔ Неликвидност на МСП;<br>✔ Недоволно познавање на прописи и закони од страна на претприемачитеи МСП;<br>✔ Недостаток на финансиски средства кај локалната самоуправа иМСП за кофинансирање на проекти;<br>✔ Непостоење на институционална инфраструктура на локално ниво запомош на МСП и претприемачите;<br>✔ Недоволно прилагодување на наставните програми во високото образование според потребите на пазарот на труд;<br>✔ Ниско ниво на познавање на постапките, аплицирање и користење на фондовите на ЕУ за поддршка наМСП и претприемништво;<br>✔ Недоволни деловни знаења,вештини и иновативност напретприемачите и МСП;<br>✔ Непознавање на маркетинг техники и ниско ниво на маркетиншки активности на МСП;<br>✔ Недостаток на МСП за обезбедување на колатерал за кредити;<br>✔ Несоодветен квалитет, амбалажа и цена на производите и услугите занивни пробив на меѓународниот пазар. |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| ✔ Пристап до фондови за искористување на средства;<br>✔ Подобрување/ Зголемување на приходи;<br>✔ Субвенции-искористување на истите;<br>✔ Производство на органска храна;<br>✔ Едукација на населението за искористување права и мерки;<br>✔ Подобрена меѓу-институционална соработка;<br>✔ Можности за намалување на одредени трошоци на локално ниво за да се стимулира отворање на МСП;<br>✔ Поттикнување на женско претприемништво;<br>✔ Можности за бизнис инкубатори;<br>✔ Можности за технолошки парк;<br>✔ Институционална поддршка за нови бизниси (финансиска и know-how), пр. | ✔ Недостиг на стручен кадар;<br>✔ Лошата економска ситуација заради корона кризата.<br>✔ Слаботo учество на МСП во постапките за јавни набавки<br>✔ Одлив на млада работна сила (стручна и нестручна)<br>✔ Недоволно достапни поволни извори за финансирање на МСП |

| | |
|---|---|
| програма за грантови за зелени претприемачи; | |

## 2. *Пест (pest) анализа*

PEST анализата се однесува на надворешните фактори како што се: политичките, економските, социо-културните и технолошките. При подготовка на стратешка анализа или истражување на пазарот е битно да се земат предвид овие фактори, бидејќи влијаат на целокупното работење и функционирање на сите мали и средни претпријатија во Градот Скопје.

- * промена на законодавството
- * промена на раководните органи
- * политичка нестабилност
- Економски фактори:
- *инфлација
- *економски раст
- *промена на каматни стапки
- Социјални фактори:
- *миграција на население
- *културни навики на населението
- Технолошки фактори
- * брз раст на технологјата

# VII. ВИЗИЈА И МИСИЈА

## 1. *Мисија*

***Градот Скопје е континуирано посветен на развојот на мали и средни претпријатија и претставува активно деловно опкружување за над 25795 микро, мали и средни претпријатија, препознавајќи ги како најважни двигатели на економскиот раст и развој.***

## 3. *Визија*

Визијата ја претставува посакуваната состојба на малите и средни претпријатија и претприемништвото во Град Скопје. Таа е една од клучните чекори за донесување на развојни одлуки и дава мотивирачка сила за имплементација на стратегијата. Визијата, всушност претставува патоказ за сите идни стратешки решенија и оперативни интервенции. При дефинирање на визијата беа земени предвид резултатите кои произлегоа од спроведените анализи.

Визијата на Стратегијата за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје е следна:

***Скопје е високо развиен бизнис центар со продуктивни,иновативни, конкурентни и дигитализирани микро, мали и средни претпријатија и технолошки центар кој овозможува научно истражување, поврзување и напредок на технолошките компании, ментори и поддршка за стартапи.***

## VIII. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

За реализација на поставената визија се дефинираа следните стратешки цели:

1. Поволно деловно опкружување;
2. Динамичен екосистем на претприемништво и иновации;
3. Продуктивен, конкурентен и дигитализиран сектор на мали и средни претпријатија;
4. Поттикнување на развојот на мали и средни претпријатија и претприемништво.

***<u>Стратешка цел: Поволно деловно опкружување</u>***

Првата стратешка цел е создавање на поволно деловно опкружување како за домашните, така и за странските претпријатија. Градот Скопје ќе го подобри координирањето и интегрирањето на своите политики што ги засегаат МСП, истовремено подобрувајќи го механизмот за обезбедување на услугите за развој на МСП.

Првата стратешка цел е поставена во насока на подобрување на локалните услови за водење бизнис и поддршка на малите и средни претпријатија во градот Скопје со цел да се задржат постоечките, но и да се поттикне отворање на нови работни места. Предвидено е мапирање на инвестициски зони на Градот Скопје, што ќе се спроведе согласно ДУП и ГУП како стратешки планови на Градот. Со мапирање на инвестициски зони ќе се зголеми ефикасноста при промоција на зоните и определување на нови потенцијални подрачја за стратешките инвеститори, посебно во подрачјата во општините каде има развиено бизнис-клима за претприемништво и нови можности за инвестиции. Предвидено е и воспоставување на меѓусебен дијалог и подобрување на инфраструктурата, услугите во градот, полесни административни процедури, пристапност во зоните и други погодности. Во соработка со општините во Градот, ќе се предвиди и проектирање на нови економски зони, кои ќе бидат центри на висока технологија, иновации и нови информациски достигнувања. Ќе се работи и на создавање на нови форми и политики за самовработување на младите преку компонентата на претприемачка работа. Континуирано финансиски ќе се поддржуваат микро, мали и средни претпријатија во Градот Скопје.

За остварување на Стратешката цел: Поволно деловно опкружување - Градот Скопје ќе преземе низа активности и проектии тоа:

- Изработка на Мапа на инвестициски зони на Град Скопје;
- Воспоставување на меѓусебен дијалог и подобрување на инфраструктурата за мали и средни претпријатија;
- Олеснување на административни процедури за МСП;
- Изработка на Акциски план за вработување на Град Скопје;

- Организирање на годишни бизнис форуми за промоција на Скопје како инвестициска дестинација;
- Организирање на кампања за поттикнување на претпријатија,училишта и институции под Градот Скопје да купуваат производи кои поттикнуваат локални мали бизниси;
- Финансиска поддршка за МСП;
- Меѓународно вмрежување на Градот Скопје;
- Специјализирани обуки за можности за финансирање на МСП на Град Скопје
- Идентификација и мапирање на можности за јавно приватно партнерство во Градот Скопје
- Обуки и консултации за дигитализација на МСП;
- Промоција на социјалните претпријатија како можност за отворање нови работни места за маргинализирани лица и лица во социјален ризик.

***Стратешка цел: Динамичен екосистем на претприемништво и иновации***

Градот Скопје треба да го промовира претприемачкото учење и да ја поддржува и промовира претприемачката култура. Потребно е да се работи на подобрување на условите за претприемништво, како и поддршка за иновациската дејност во сите сфери. Градот треба да има важна улога во поврзување на образовните институции со локалните организации и фирми.Со цел поддршка на претприемништвото, Градот планира да изработи стратегија за поддршка на иновации и претприемништво на Град Скопје. Потоа е планирано да се формира локален иновациски фонд за млади претприемачи и креирање на научно-образовен локален центар. Исто така за поддршка на малите и средни претпријатија е планирано создавање на бизнис инкубатори и тоа:за жени претприемачи, за социјални претпријатија за нега на лица со попреченост и за компании за нега на домашни миленичиња.

Градот Скопје да се развие како град на нови идеи, иновации и во тренд со глобалните трендови. Со развој во оваа насока ќе се отворат можности за нови полиња на инвестирање, ќе се развијат веќе постоечки идеи и ќе се подобри самата слика на градот, како град на нови идеи, во тренд со останатите метрополи во Европа и светот.Преку конкретни мерки и активности да се поттикнат сите претприемачи да развијат нови индустриски гранки, следење на нови технологии, еко одржливи бизниси, пробивање на нови производи и услуги на пазарот. Поголема соработка со универзитетите и институтите во процесот на иновација, истражувања и развивање на нови дејности. Преку овој процес да се зачуваат талентите, односно студентите кои покажуваат стремеж кон развојот на нови технологии, нивно стипендирање, како и помош при развојот на нивните идеи и модели.

За остварување на Стратешката цел: Динамичен екосистем на претприемништво и иновации- Градот Скопје ќе преземе низа активности и проектии тоа:

- Изработка на Стратегија за поддршка на иновации и претприемништво на Град Скопје;
- Поттикнување на соработка помеѓу град Скопје и приватните компании на проекти за намалување на загадувањето на воздухот, поттикнување на зелен транспорт;
- Поддршка на жени менаџери;
- Воведување на родово буџетирање и политики за родова рамноправност во администрацијата;
- Соработка со бизнис асоцијацијата, државните институции и меѓународни партнери;
- Организирање на манифестација за избор на: Најуспешна жена-лидер на микро и мали претпријатија;
- Бизнис инкубатори (за жени претприемачи, за социјални претпријатија за нега на лица со попреченост, за компании за нега на домашни миленичиња);
- Стари занаети – нови можности;
- Промоција на иновации и претприемништво кај најмладите;
- Изработка на информационен систем на податоци за МСП на територијата на град Скопје;
- Онлајн курс за иновациски менаџмент;
- Натпревари за претприемништво во средните училишта (стипендии);
- Воспоставување нови партнерства меѓу образовните институции и индустријата;
- Информативна и едукативна кампања за финансиска писменост;
- Истражување за дефинирање на потребите на пазарот на трудот;
- Креирање на мрежа на институции за доживотно учење (преквалификација и доквалификација);
- Центар за претприемништво- HUB(Развивање на претприемачкиот дух на младите – обуки и комисии);

***Стратешка цел:Продуктивен, конкурентен и дигитализиран сектор на мали и средни претпријатија***

Градењето на капацитети и поддршката за транзиција кон одржливост и дигитализација на малите и средни претпријатија треба да биде еден од приоритетите на Град Скопје. Конкурентната одржливост е водечки принцип и во Европа. Потребни се инвестиции и време со цел да се создаде соодветна деловна и иновациска инфраструктура за МСП. Пандемијата од Ковид-19, исто така ја потврди потребата од забрзување на дигитализацијата кај малите и средни претпријатија. Градот Скопје треба да обезбеди финансиска поддршка за експертска помош за МСП во креирање на дигиталната трансформација. Потребно е да се работи на поттикнување на воведување на модерни технологии во своето работење, со цел МСП да се приспособат на новите услови за работа предизвикани од актуелната пандемија, но и забрзаната дигитализација насекаде во светот. Доколку малите и средни претпријатија сакаат да останат конкурентни како на домашниот така и на меѓународниот пазар тие мора постојано да се надградуваат, да бидат во тек со најновите достигнувања, да го зголемуваат својот опсег на производи и услуги во

согласност со потребите на пазарот. Со постигнување на продуктивност и конкурентност МСП ќеостваруваат и поголем профит. Со цел да се соочат со ваквите предизвици, малите и средните претпријатија треба да обрнат внимание на иновациските способности, на способноста да се развијат и апсорбираат нови технологии, поголемо познавање на пазарите на кои настапуваат и обезбедување на пристап до капитал. Градот Скопје може да помогне во насока на ова со финансирање на програмски активности на бизнис инкубатори и центри за развој на иновации, зајакнување на дигиталната писменост кај МСП, развивање на програми зауслуги што ќе им помогнат на МСП да влезат на странските пазари, развој на програми за трансфер на знаења, технологии, искуства и добри практики од развиените земји, обезбедување на квалитетни тренинзи за продажба на меѓународниот пазар и запознавање на МСП со европски стандарди за квалитет на услуги/производи потребни за извоз.

За остварување на Стратешката цел: Продуктивен, конкурентен и дигитализиран сектор на мали и средни претпријатија- Градот Скопје ќе преземе низа активности и проектии тоа:

- Изработка на локална стратегија за привлекување странски инвестиции;
- Изработка на стратегија за дигитална трансформација на МСП на Град Скопје;
- Поттикнување на воведување на модерни технологии во работење –3D printing, користење на big data, gamification, drones, etc;
- Финансирање на програмски активности на градски центар за претприемништво на Град Скопје;
- Зајакнување на дигитална писменост кај традиционални МСП и поттикнување на користење на социјални медиуми за промоција;
- Поттикнување на БИО производство; ;
- B2B средби помеѓу локални компании и компании од збратимени градови;Даночно стимулирање на локално ниво за развој на високо-технолошки и иновативни МСП;
- Развој на програми за трансфер на знаења, технологии, искуства и добри практики од развиените земји;

***Стратешка цел: Поттикнување на развојот на мали и средни претпријатија и претприемништво***

Имајќи ја предвид важноста на малите и средни претпријатија во деловното опкружување како на национално ниво така и на ниво на Град Скопје, потребно е да се поддржуваат МСП преку доделување разна помош и преку информирање на малите и средни претпријатија и стартапи за поволностите и можностите за аплицирање во фондови и финансиски институции. Еден од поголемите проблеми со кој се соочуваат е токму пристапот до соодветни извори за финансирање. Инвеститорите и банките често пати се воздржуваат од финансирање на новоформираните претпријатија и малите бизниси,поради недостаток од соодветна колатерала и гаранција.

За остварување на Стратешката цел: Потикнување на развојот на мали и средни претпријатија и претприемништво- Градот Скопје ќе преземе низа активности и проекти и тоа:

- Проекти за поддршка и развој на претприемништво,иновации и конкурентноста на малите и средни претпријатија на подрачјето на Град Скопје;
- Реализација на настан за претприемништво
- Поддршка на настан за технички унапредувања,индустриски дизајн,трговски марки и младинско истражувачко творештво
- Поддршка на настан - Иновативно претпријатие на годината;
- Организирање на форум за жени претприемачи;
- Формирање на ресурсен центар за социјално претприемништво;
- Финансирање на проекти од областа на циркуларната економија;
- Зајакнување на соработката со Фондот за иновации и технолошки развој;
- Доделување на финансиски награди за најуспешен проект од областа на социјално претприемништво;
- Доделување на награди за општествено најодговорно претпријатие;

.

# IX. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПЕРИОД 2022-2025

*Табела бр. 9 - Акционен план за период 2022-2025*

| АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ПЕРИОД ОД 2022-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| **Стратешк и цели** | **Мерки и проекти** | **Надлежен сектор** | **Година на Реализација** |
| **ПОВОЛНО ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ** | Изработка на Мапа на инвестициски зони на Град Скопје | Сектор за локален економски развој | 2022/2023 |
| | Воспоставување на меѓусебен дијалог и подобрување на логистиката/кластерот(cluster building) за развој на мали и средни претпријатија | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Олеснување на административни процедури за МСП | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Изработка на акциски план за вработување на Град Скопје | Сектор за локален економски развој | 2024 |
| | Организирање на годишни бизнис форуми за промоција на Скопје како инвестициска дестинација | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |
| | Организирање на кампања за поттикнување на претпријатија, училишта и институции под Градот Скопје да купуваат производи кои потикнуваат локални мали бизниси | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |

| | | |
|---|---|---|
| Финансиска подршка за МСП | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| Меѓународно вмрежување на Градот Скопје | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| Специјализирани обуки за можностите за финансирање на МСП на Град Скопје | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| Идентификација и мапирање на можности за јавно приватно партнерство во Градот Скопје | Сектор за локален економски развој | 2024 |
| Обуки и консултации за дигитализација на МСП | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2024 |
| Промоција на социјалните претпријатија како можност за отворање нови работни места за маргинализирани лица и лица во социјален ризик | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| Изработка на Стратегија за поддршка на иновации и претприемништво на Град Скопје | Сектор за локален економски развој | 2023/2024 |
| Поттикнување на соработка помеѓу град Скопје и приватните компании на проекти за намалување на загадувањето на воздухот, поттикнување на зелен транспорт | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| Поддршка на жени менаџери | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| **ДИНАМИЧЕН ЕКОСИСТЕМ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ИНОВАЦИИ** | Воведување на родово буџетирање и политики за родова рамноправност во администрацијата | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Соработка со бизнис асоцијации, државните институции и меѓународни партнери | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Организирање на манифестација за избор на најуспешна жена-лидер на микро и мали претпријатија | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Бизнис инкубатори (за жени претприемачи, за социјални претпријатија за нега на лица со попреченост, за компании за нега на домашни миленичиња); | Сектор за локален економски развој | 2024 |
| | Стари занаети – нови можности | Сектор за локален економски развој | 2023 |
| | Промоција на иновации и претприемништво кај најмладите | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Изработка на информациски систем на податоци за МСП на територијата на град Скопје | Сектор за локален економски развој | 2023/2024 |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Онлајн курс за иновациски менаџмент | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |
| | Натпревари за претприемништво во средните училишта (стипендии) | Сектор за локален економски развој, Сектор за образование | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Воспоставување нови партнерства меѓу образовните институции и индустријата | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Информативна и едукативна кампања за финансиска писменост | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |
| | Истражување за дефинирање на потребите на пазарот на трудот | Сектор за локален економски развој | една во 2023 и една во 2025 |
| | Креирање на мрежа на институции за доживотно учење (прекфалификација и доквалификација) | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2024 |
| | Центар за претприемништво-HUB (Развивање на претприемачкиот дух на младите – обуки и комисии) | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2024 до 2025 |
| | Подигнување на свеста и развој на претприемачка култура кај наставниците/професорите, во средното образование | Сектор за локален економски развој, Сектор за образование | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Изработка на локална стратегија за привлекување странски инвестиции | Сектор за локален економски развој | 2023/2024 |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Изработка на стратегија за дигитална трансформација на МСП на Град Скопје | Сектор за локален економски развој | 2024 |
| | Поттикнување на воведување на модерни технологии во работење –3D printing, користење на big data, gamification, drones, etc. | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |
| ПРОДУКТИВЕН, КОНКУРЕНТЕН И ДИГИТАЛИЗИРАН СЕКТОР НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | Финансирање на програмски активности на градски центар за претприемништво на Град Скопје | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2024 до 2025 |
| | Зајакнување на дигитална писменост кај традиционални МСП и поттикнување на користење на социјални медиуми за промоција | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Поттикнување на БИО производство | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |
| | B2B средби помеѓу локални компании и компании од збратимени градови | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |
| | Даночно стимулирање на локално ниво за развој на високо-технолошки и иновативни МСП | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |
| | Развој на програми за трансфер на знаења, технологии, искуства и добри пракси од развиените земји | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Финанисирање на Проекти за поддршка и развој на претприемништво, иновации и конкурентност на малите и средни претпријатија на подрачјето на Град Скопје | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Реализација на настан за претприемништво | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Поддршка на настан за технички унапредувања, индустриски дизајн,трговски марки и младинско истражувачко | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| **ПОТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА МСП И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО** | Поддршка на настан за Иновативно претпријатие на годината | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Организирање на форум за жени претприемачи | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | Формирање на ресурсен центар за социјално претприемништво | Сектор за локален економски развој | 2024/2025 |
| | Финансирање на проекти од областа на циркуларната економија | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |
| | Зајакнување на соработката со Фонд за иновации и технолошки развој | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2022 до 2025 |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Доделување на финансиски награди за најуспешен проект од областа на социјално претприемништво | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |
| | Доделување на награди за општествено најодговорно претпријатие | Сектор за локален економски развој | континуирано од 2023 до 2025 |

## X. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

За имплементација на Акциониот план за Стратегијата за мали и средни претпријатија и претприемништво на Град Скопје за периодот 2022-2025 година е одговорен Секторот за локален економски развој на Град Скопје, градоначалникот на Град Скопје, Советот на град Скопје, како и соодветните сектори и нивните одделенија. Секторот за локален економски развој на Град Скопје ќе го координира и надгледува неговото извршување и ќе биде одговорен за:

- Детално формулирање на активностите за насоките и за конкретните цели од акциониот план;
- Да ги подготвуваат и следат активностите од Акциониот план за секоја година одделно;
- Одредува тим за имплементација на Акциониот план;
- Координира активности за имплементација на проектите;
- Ги одобрува проектите (активностите) и ги проследува за натамошна селекција и одобрување;
- Врши мониторинг (следење и контрола) на акциониот план, дефинирање и имплементација на проектите и активностите;
- Дава контролни мерки за секој проект одделно при имплементацијата;
- Подготвува годишен и квартален план на активности до советот на Град Скопје, градоначалникот и партнерите.

Секторот за локален економски развој ќе ја следи имплементацијата на Акцискиот план за период 2022-2025 на Град Скопје. Предвидени се две евалуации на планот и тоа една во текот на имплементацијата на планот и крајна евалуација, веднаш по извршување на имплементацијата на планот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Стратегијата за мали и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, со Акционен план, за периодот 2022-2025 година, влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на Град Скопје“.

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

Број 07 –

ПРЕТСЕДАТЕЛ

__________ 2022 година

Трајко Славески

С к о п ј е

_______________________________

**Образложение**

Согласно Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02), и Законот за Град Скопје (“Службен весник на Република Македонија” број 55/04 и 158/11), локалниот економски развој е надлежност на Град Скопје и единиците на локалната самоуправа на територијата на Градот. При тоа, во делот на поддршката на малите и средни претпријатија, Град Скопје има специфична улога во делот на обврската за изработка на Стратегија за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото.

Град Скопје, пристапи кон изработка на Стратегијата за поддршка на малите и средни претпријатија и претприемништвото во град Скопје, со Акционен план, за периодот 2022-2025 година, со цел дефинирање на идните стратешки приоритети и градење на капацитети на локалните институции и човечките ресурси за поддршка на малите и средни претпријатија.

Овој сегмент на дејствувањето на Град Скопје претпоставува изградени капацитети на градската администрација за соработка со општините, институциите за поддршка на МСП и невладиниот сектор, како и директна поврзаност со бизнис заедницата, а со цел  подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, преку креирање на економската и општествената благосостојба.

Реализацијата на проектите од стратешкиот документ со акционен план ќе биде поддржана од Буџетот на Град Скопје, но и од други донаторски извори на финансирање.

За пристап до донаторите потребна е изготвена Стратегија, усвоена од Советот на Град Скопје.

Имајќи го во предвид горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Стратегијата за поддршка на мали и средни претпријатија и претприемништвото на Град Скопје, со Акционен план за периодот 2022-2025 година.